# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМАРСКА И ЛОВНА ИНСПЕКЦИЈА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.36 од 23.03.2011 година**

**Член 1**

Во Законот за шумарска и ловна инспекција ("Службен весник на Република Македонија" број 88/2008 и 6/10), членот 3 се менува и гласи:

"Во вршењето на инспекцискиот надзор се применува Законот за општата управна постапка и Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој закон и Законот за шумите, Законот за ловство и Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја поинаку не е уредено."

**Член 2**

По членот 8 се додава нов член 8-а, кој гласи:

**„Член 8-а**

**Статус на инспекторот**

(1) Инспекторот е со звање:
1) помлад инспектор;
2) инспектор;
3) виш инспектор;
4) помошник главен инспектор и
5) главен инспектор.
(2) Помлад инспектор е службеник кој ги исполнува условите за звањето виш соработник од Законот за државните службеници.
(3) Инспектор е службеник кој ги исполнува условите за звањето советник од Законот за државните службеници.
(4) Виш инспектор е службеник кој ги исполнува условите за звањето раководител на одделение од Законот за државните службеници.
(5) Помошник главен инспектор е службеник кој ги исполнува условите за звањето помошник раководител на сектор од Законот за државните службеници.
(6) Главен инспектор е службеник кој ги исполнува условите за звањето раководител на сектор од Законот за државните службеници."

**Член 3**

По членот 10 се додава нов член 10-а, кој гласи:

**„Член 10-а**

(1) Директорот донесува годишна програма за работа на Инспекторатот и подготвува месечни планови за работа на Инспекторатот.
(2) Годишната програма и месечните планови ги донесува до 31 декември во тековната за наредната година."

**Член 4**

По членот 21 се додава нов член 21-а, кој гласи:

**„Член 21-а**

**Привремено одземање на предмети**

(1) Инспекторот може во рамките на вршењето на инспекцискиот надзор, привремено да одземе документи, материјали, средства и други предмети кои можат да послужат како доказ во соодветната постапка.
(2) Привремено одземените предмети од ставот (1) на овој член се задржуваат во склад кој ќе го одреди Министерството до донесувањето на правосилна одлука во постапката.
(3) Инспекторот е должен привремено да одземе предмети, согласно со Законот за шумите, Законот за ловството и Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја.
(4) Инспекторот е должен да му издаде потврда на субјектот на надзорот од кого привремено се одземаат предмети.
(5) Формата и содржината на образецот на потврдата од ставот (4) на овој член ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство."

**Член 5**

Членот 25 се менува и гласи:

**„Правно средство**

(1) Против решението на инспекторот од членот 24 став (3) на овој закон може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.
(2) По жалба против одлуките на инспекторот во инспекторатот одлучува посебна комисија формирана од министерот.
(3) Комисијата од ставот (2) на овој член е составена од претседател и два члена.
(4) Претседателот е од редот на раководните државни службеници, а членовите на комисијата се стручни државни службеници со најмалку три години работно искуство во струката, кои нема да бидат вклучени во вршењето на инспекцискиот надзор.
(5) Комисијата од ставот (3) на овој член одлуката по жалбата ќе ја донесат во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата.
(6) Жалбата изјавена против решението на инспекторот не го одлага извршувањето на решението."

**Член 6**

По членот 27 се додава нов член 27-а, кој гласи:

**„Член 27-а**

**Итна постапка**

(1) Постапката по барањата и пријавите на инспекторите е итна.
(2) Надлежниот орган е должен веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на поднесувањето да ги земе во разгледување барањата и пријавите на инспекторите, доколку не е определен пократок рок со овој или друг закон од членот 21-а став (3) на овој закон."

**Член 7**

По членот 27-а се додава нов член 27-б, кој гласи:

**„Член 27-б**

Соработка на инспекциските служби во вршење на заеднички надзор

(1) Заради вршење на заеднички надзор, Инспекторатот е должен да:
1) ги усогласи програмите и плановите за работа;

2) го планира заедничкото вршење на надзорот и
3) разменува искуства и да ги усогласува ставовите за начинот и методите на работа и други прашања.
(2) Заради вршење на заеднички надзор инспекторатите, организационите единици во рамките на другите органи на државната управа и единиците на локалната самоуправа и градот Скопје одржуваат заеднички состаноци, консултации, советувања и други облици на меѓусебна соработка.
(3) Заедничкиот надзор согласно со ставовите (1) и (2) на овој член ќе се врши со:
1) Државниот пазарен инспекторат;
2) Државниот инспекторат за земјоделство;
3) Државниот инспекторат за животна средина;
4) Агенцијата за храна и ветеринарство;
5) Фитосанитарната управа - Одделение за фитосанитарна инспекција и
6) по потреба и со други државни органи и институции."

**Член 8**

Во членот 29 ставот (1) се менува гласи:
"Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице ако не ги отстрани недостатоците во рокот кој го определил инспекторот (член 27 став (1) точка 1)."

**Член 9**

По членот 29 се додава нов член 29-а, кој гласи:

**„Член 29-а**

(1) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице ако не ги почитува одредените мерки од страна на инспекторот (член 27 став (1) точка 5).
(2) Глоба во износ од 400 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член."

**Член 10**

Во членот 30 износите "700 до 1.500" се заменуваат со износите "1.000 до 1.500".

**Член 11**

Одредбите од членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 на овој закон ќе започнат да се применуваат со започнување на примената на Законот за инспекцискиот надзор.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".